РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ј.У. ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
I.P. QENDRA PËR PUNË SOCIALE
Бр./Nr. 04-123/13
13.12 2022 год./viti
Крушево / Krushevë

Врз основа на член 212 став 16 и 17 од Законот за социјална заштита (Сл. весник на РСМ бр.104/19, 146/19, 275/19,302/20,163/21,294/21 и 99/22) член 21 став 1 и 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14 и 27/16) и член 23 алинеа 9 од Статутот на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево бр.01-142/2 од 21.06.2019 година, директорот на ЈУ Центар за социјална работа-Крушево донесе :

**О Д Л У К А**

**За избор на давател на јавна услуга на неопределено работно време за работно место Социјален работник-Тријажер во служба за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево**

За давател на јавна услуга на неопределено работно време за работно место Социјален работник-Тријажер ниво А5 во службата за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево 1 (еден) извршител се избира кандидатот **Марија Илиевска** од Крушево со ЕМБГ 0201998445006.

Именованата ќе биде вработена во службата за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево на пробна работа (работа под менторство) во времетраење од **4** месеци на работно место од предходната точка по конечноста на оваа одлука.

Одлуката ќе се применува од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција на кандидати за давател на јавна услуга, формирана со решение донесено од В.Д. Директорот на ЈУ ЦСР-Крушево бр.04-123/9 од 28.11.2022год. а во функција на спроведување на постапка за вработување на неопределено време давател на јавна услуга за извршување на работите на работно место Социјален работник –Тријажер во службата за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево, а по објавениот оглас за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга бр. 04-123/7 од 28.11.2022год. во дневните весници ,,Нова Македонија,, и ,,Коха,, спроведе постапка согласно Законот за социјална заштита и Законот за вработените во јавниот сектор. Врз основа на извршената проверка на исполнетоста на условите од јавниот оглас и спроведеното интервју Комисијата изготви и до директорот на ЈУ ЦСР-Крушево достави извештај со ранг -листа бр.04-123/12 од 12.12.2022год.Согласно доставениот извештајот со ранг-листата, се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на одлуката за избор на давател на јавна услуга на неопределено време, В.Д. Директорот на ЈУ ЦСР-Крушево ќе донесе соодветно решение за вработување на пробна работа (работа под менторство) во време траење од **4** месеци на работно место Социјален работник-Тријажер во службата за услуги од социјална заштита при ЈУ ЦСР-Крушево.

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука кандидатот има право на жалба до Државната комисија за жалби во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од **8** дена од денот на прием на одлуката и нејзиното објавување на огласна табла на установата.

ЈУ ЦСР-Крушево
В.Д. Директор
**Василика Чавкароска**